ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Агенцијата за филм на Република Северна Македонија

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (603) за 2021 година.

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- слабости во објавените конкурси за финансирање на проекти;
- неажурна евиденција на доделените проектите во сите фази на реализација и непреземени мерки за раскинување на доделените договори кај проекти кај кои е утврдено непочитување на одредбите од договорите;
- недостатоци во приложената документација од страна на продуцентските куќи предвидена со договорите за финансирање на проекти во филмската дејност, распоредување на трошоците на несоодветни ставки предвидени со финансискиот план и наменско користење на средствата

**Издадено мислење*:** 🔴
Изразивме неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година.

**Клучни системски слабости:**

- доуредување на Законот за филмската дејност поради недоречености во делот на регулирање на поимот истакнати поединци од областа на филмот и културата, за кои недостасува критериуми за звања и квалификации за да бидат именувани како членови на филмскиот совет.

**Клучни препораки:**
- Носење критериуми и мерилата за оценка на проектите и нивната евалуација;
- Навремено: објавување конкурси, евидентирање и следење на реализацијата на филмските проекти, наменското трошење на доделените средства и раскинување на договорите каде се утврдени неправилности.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на директорот на Агенцијата.

**Одговор на добиени забелешки:**
најголем дел од дадените забелешки претставуваат известување за преземени мерки и за активности кои се планира да се преземат во нареден период за надминување на констатираните состојби.

* 🟢 позитивно, 🟡 со резерва, 🔴 неповолно, ⚫ воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018